Градоначалник на Општина Свети Николе
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

0302 - 164
19.02.2026

**До**
**Министерство за локална самоуправа**
**- Државен инспекторат за локална самоуправа**
**Ул.„Димитар Влахов„ б.б. зграда 3, влез 1, кат 12,**
**Македонска радио телевизија**
**1000 Скопје**

Почитувани,

Врз основа на член 71 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002 и („Службен весник на РСМ„ бр. 202/24) во прилог на дописот ви доставуваме („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр.2/2026) во кој се објавени прописите донесени на осмата редовна седница на Совет на Општина Свети Николе одржана на ден 12.02. 2026 година.

**Со почит,**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**
**Дејан Владев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
„СОВЕТ НА ОПШТИНА"
Бр 0801 - 164
12.02.2026 од
СВЕТИ НИКОЛЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 12.02. 2026 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 2 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

## ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за 2026 годинабр. 0801 – 146 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 163**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 ,274/22, 208/24 и193/25),член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 8 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе" бр.3/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 12.02. 2026 година, донесе

## ОДЛУКА

**за давање на согласност на одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР ШЕПА "Кавадарци за 2026 год**

1. Советот на Општина Свети Николе ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здрасвтво "СТАЦИОНАР ШЕПА "Кавадарци за 2026 год бр.02-18/3 од 28.01.2026 год донесена од ВД.Директор на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР ШЕПА "Кавадарци

2. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе

**Бр. 0801 - 146**

**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за 2026 година бр. 0801 – 147 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 163/2**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 ,274/22, 208/24 и193/25),член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 8 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе" бр.3/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 12.02. 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здрасвство "СТАЦИОНАР ШЕПА "Кавадарци за 2026 год**

1. Советот на Општина Свети Николе ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здрасвство "СТАЦИОНАР ШЕПА "Кавадарци за 2026 год бр.02-18/2 од 28.01.2026 год донесена од ВД.Директор на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР ШЕПА "Кавадарци

2. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе

**Бр. 0801 - 147**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

## З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлука за **не давање** на согласност на Одлука за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП "СТАЦИОНАР ШЕПА "Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година - 31.12.2026 година бр. 0801 – 148 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 163/3**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 ,274/22, 208/24 и193/25),член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 8 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе" бр.3/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 12.02. 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
### за не давање на согласност на Одлука за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП "СТАЦИОНАР ШЕПА "Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година-31.12.2026 година

1. Советот на Општина Свети Николе **НЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП "СТАЦИОНАР ШЕПА "Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година-31.12.2026 година бр.02-18/4 од 28.01.2026 год донесена од Управен Одбор на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР ШЕПА "Кавадарци

2. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе

**Бр. 0801 - 148**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24,„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

## З А К Л У Ч О К

За објавување на Заклучок за усвојување на Наративен и финансиски извештај за 2025 година на Општинската Установа Народен Музеј - Свети Николе бр. 0801 – 149 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 163/4**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002 и („Службен весник на РСМ„ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.02.2026 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Наративен и финансиски извештај за 2025 година на Општинската Установа Народен Музеј - Свети Николе**

1. Советот на на Општина Свети Николе усвои Наративен и финансиски извештај за 2025 година на Општинската Установа Народен Музеј - Свети Николе усвоен од Управниот Одбор на Народен Музеј од 29.01. 2026 година со архивски бр. 02-33/3.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 149**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсовс.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2026 година бр. 0801 – 150 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 163/5**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ бр.05/2002"),а во врска со член 34 став 5 од Законот за Буџети ("Службен Весник на РМ бр.64/2005,4/2008,103/2008,156/2009,95/210,180/11,171/2012,192/2015 и 167/2016")и ("Службен Весник на РСМ бр.151/21"),Советот на Општина Свети Николе на **8** седница на ден **12.02.2026** година.

# О Д Л У К А

За проШирување на средствата на Буџетот на ОпШтина **СВЕТИ НИКОЛЕ**

За **2026** година

## Член 1

Со оваа одлука се врШи проШирување на средствата на Буџетот на ОпШтинаСВЕТИ НИКОЛЕ за 2026 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | | |
| 742119 | Други опШти и тековни донации | 0 | 0 | 2.100.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **2.100.000** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | | |
| **W00** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА** | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 2.100.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **2.100.000** | **0** |

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе" за 2026 година

.

Бр. 0801-150
12.02.2026
Свети Николе

Претседател на Советот на
ОпШтина Свети Николе

___________
Оливера Арсов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за отпочнување на активностите за ажурирање на процената на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности бр. 0801 – 151 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 163/6**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со чл.22 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ"бр.5/2005"и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21 и 124/25) и член 14 од Уредбата за методологија за изработка на процена на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности ,нејзината содржина и структура,начинот на чување и ажурирање како и определувањето на субјектите во системот за упраување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената("Сл. весник на РМ"бр.13/2011")Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за отпочнување на активностите за ажурирање на процената на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности**

**Член 1**

Да се отпочнат активности за редовно ажурирање на „Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности"донесена на седница на Совет на Општина Свети Николе број 0801-411 од 31.05.2023 година.

**Член 2**

Со ажурирањето на „Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности" да се обезбеди планско,навремено,целесообразно и кординирано донесување на одлуки, насоки и препораки за преземање на потребните мерки и активности на субјектите на Системот за управување со кризи на локално ниво.

**Член 3**

Ажурирањето на Процената ке се врши во коринација со Подрачното одделение –РЦУК Свети Николе.

**Член 4**

Ова одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0801 - 151**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните административни службенициво ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе бр. 0801 – 152 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 163/7**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа начлен 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24),член 88 став 3 од Законот за административни службеници(„Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24) и член 134 став 2 во врска со став 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник наРепублика Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 ,17/25 и 132/25),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година донесе:

**Одлука**
**за утврдување вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните административни службенициво ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе за 2026 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на плата за 2026 година на јавните административни службеници во ЈОУДГ „Рахилка Гонева Свети Николе„ се утврдува во износ од 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801-152**
**12.02.2026 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програма за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Свети Николе за 2026-2027 година во зимски услови бр. 0801 – 153 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година.

Бр. 0901- 163/8
12.02. 2026 година
Свети Николе

Општина Свети Николе
Градоначалник,
Дејан Владев с.р.

Врз основа на член 34 од Законот за јавните патишта (“Службен весник на РМ“ бр. 84/2008), член 15 од Законот за безбедноста во сообраќајот на патиштата (“Службен весник на РМ“ бр. 54/07), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 1 и 2 од Законот за јавна чистота (“Службен весник на РМ“ бр.111/2008), како и член 34 точка 3 став 2 од Законот за заштита и спасување на РМ бр.13/2012), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на 12.02. 2026 година, донесе:

**ПРОГРАМА**

**за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Свети Николе за 2026-2027 година во зимски услови**

**1. Општ дел**

Со Програмата се предвидува: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските срдства, временските рокови за извршување на работите, динамиката и начинот на чистењето и одржувањето на улиците во град Свети Николе, опфатени со градежните опфати и урбанистички планови, во зимски услови, цо сезоната 2026-2027 година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на сите правни и физички лица за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во општина Свети Николе во зимски услови, преку:

- определување на видот и обемот на работите, временските рокови за извршување на работата, динамиката и нивното чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини;
- дефинирање на работите и обврските за сите учесници за нејзина реализација;
- определување на потребните финансиски средства.

**2. Организациона поставеност на учесниците**

Преку организационата поставеност ќе бидат дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата на оваа Програма.

**2.1 Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на шивотна средина при општина Свети Николе**

- ја изготвува програмата;
- ја организира зимската служба;
- врши стручен надзор во извршувањето на Програмата;
- го известува Градоначалникот на општината, Просторниот штаб за ЗА и Дирекцијата за заштита и спасување да ја вклучи механизацијата на градежната оператива кога ЈП “Комуналец“ не е во состојба да одговори на задачите на Програмата;
- преку средствата за јавно информирање, информира за обврските на зимските служби и обврските на учесниците.

**2.2 ЈП “Комуналец“ Свети Николе**

- ја реализира Програмата за функционирање на зимската служба;
- организира редовна приправност со потребна опрема: алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сосвената механизација за дејствување во зимски услови;
- одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговрни субјекти, ја спроведуваат програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- општината набавува, а ЈП “Комуналец“ обезбедува чување и складирање, како и растурање на сол и песок и други материјали;
- ги подготвува возилата и машината и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови;

- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на голомразицата од коловозните површини;
- ја оспособува атмосферската канализација- шахти и сливници за прифаќање на вишокот од води при топење на снегот;
- доставува распоред на лица за приправност со податоци за работната рака и механизацијата за секој месец однапред;
- врши редовно тековно одржување на возилата и опремата;
- обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата.

### 2.3 Други учесници

#### 2.3.1 Градежна оператива

Механизацијата на градежните фирми ги ангажира Општина Свети Николе а таа се состои од: Скипови 4,, Камиони 3, Трактори "3, Багери2 . Булдожери 2 Грејдер 1 утоварачи 5 и др..
По потреба ќе се ангажираат и други машини. Расчистувањето со оваа механизација ќе се врши според плановите – шемите за расчистување на сообраќајниците во градот и локалните патишта. ( во екстремни случаи )
Целокупната документација за учество на градежната оператива ја води секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната срдина при општина Свети Николе – Одделението за комунални работи преку задолжени лица се грижи за: присуство на механизација, времето на вклучување на механизацијата, реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи. Одговорното лице од одделението за комунални работи има задача при употребата на механизација за снег, или мраз, да ги утврдува уличните препреки (легнати Полицајци, повисоки шахти над нивото на асфалтот и други препреки и да го предупреди изведувачот на работите, да внимава за нивно оштетување, во спротивно сите настанати штети ќе бидат на терет на изведувачот на работите. За извршување на овие работи одговорното лице од нарачателот треба да биде на лице место при изведувањето на работите за да укаже на наведените работи).
Во зимската служба покрај ЈП " Комуналец" при пообемни врнежи ќе бидат вклучени и други фирми што имат механизасија за чистење на снежни врнежи:,ДОО"ЗОНИ-КОМ","АГП",СветиНикиле,ДОО"Духо",ТАРЗАН ТРАНС",ЈП "МАКЕДОНСКИ ШУМИ" под ед,Свети Николе идр), а доколку општната неможе да одговори на настанатата ситуација Градоначалникот доставува писмено барање преку ДСЗ-ПОЗС- Свети Николе до ДСЗ- Координатувно тело за ангажитање на дополнителни сили и средства.

#### 2.3.2 МВР – Сообраќајна полиција

при Одделението за безбедност, го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти за поефикасно оспособување на сообраќајниците.

#### 2.3.3 ЈП "Комуналец

-покрај своите редовни активности врши расчистување на снег на пристапите до контејнерите и околу нив;
-ги расчистува пешачките зони и тротоарите во централното градско подрачје;
-врши сечење и отстранување на паднати дрва и гранки од коловозите и тротоарите;
-контрола врз работата на наведените субјекти врши инспекциските служби при Општина Свети Николе.
-ја оспособува атмосферската канализација и сливниците за прием на поголеми количини на вода во зимски услови и со цистерни ја отстранува водата во случај на избивање на канализација во куќи;
-контрола врз работата на ' ЈКП "Комуналец" вршат инспекциските служби при општина Свети Николе

#### 2.3.4. "ЕВН" Македонија

презема потребни мерки за чистење на снегот од надворешните електроинстелации и објекти.

#### 2.3.5.Претпријатијата и заедниците

чии објекти и простории се користат од страна на граѓаните (пазаришта, бензински пумпи, гробишта, паркиралишта и слично) преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и голомразицата од овие објекти и простории пред нив.

**2.3.6. Претпријатијата, училиштата,здравни домови заедниците и граѓаните – сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории** (маркети, дуќани, продавници и слични објекти) преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

**2.3.7. Граѓаните, односно сопствениците, станарите и закупувачите на станбени објекти го чистат снегот и голомразицата од тротоарите** – патеките и приодните места пред своите станбени објекти.
Исто така, граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите, при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инстелации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградата на начин што ќе обезбеди непречен сообраќај.

**3. Обем на одржување**

Обемот на одржување на улиците во градот зависи од:
-густината на населеноста на делови од градот;
-фреквенцијата на луѓе и моторни возила;
-видот и бројот на инфраструктурните објекти.
Коловозните површини за оспособување на ниво на градот се 267.361м2 и нивното расчистување се одвива по приоритетна листа, а локалната патна мрежа на ниво на Општина е околу 74 км.,имајќи во предвид, дека некои локални патни правци се само пробиени а неизградени.

**ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО ГРАДОТ И ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

За нормално одвивање на сообраќајот на улиците во град Свети Николе во зимски услови при врнежи на снег и голомразица неопходно е зимско одржување.
Одржувањето се состои од машинско чистење на снегот од коловозот на улиците, прскање со сол по отстранувањето на снегот и рачно чистење на делници со отварање на ленти за истек на водата во сливниците од отмосферска канализација.
Според важноста на улиците, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите се поделени во 2 приоритетни групи на одржување.
**Приоритет 1**
Во првата приоритетна група спаѓаат сите приодно-влезни улици во градот, централните улици со поголем интензитет на сообраќајот и улици кои го поврзуваат административниот центар и тоа: Министерството за внатрешни работи, здравствениот дом и амбуланта ,училиштата,детската градинка, автобуската станица и автобуските постојки ,црква и градските гробишта,.
Тие улици претставуваат костур на главните улици во градот со можност за влез и излез на секое надворешно возило, пристап до административниот центар и интервенција на органот за регулирање на сообраќајот во градот.
Тоа се улиците:
1.ул.”Карпошева” – 6.100 м2
2.ул.”Плоштад Илинден” 16.661 м2
3.ул. “Маршал Тито” 30.202 м2
4.ул. “Филип II” 34.661 м2
5.ул.” Младинска” 5.316 м2
6.ул.”Крсте Мисирков” 16.944 м2
7.ул.”Септемвриска 11.437 м2
8.ул. “Кочо Рацин” 10.185 м2
9.ул. “23- ти Октомври” 2. 774 м2
10.ул.” Орце Николов” 5.409 м
11.ул.”Ударничка” 6.549 м2
12.ул.”Јане Сандански” 13.115 м2
13.ул.”Питу Гули” 15.876 м2
14.ул.”Кумановска” 2.125 м2
15. ул.”4-ти Јули” 8.612 м2
16.ул.”Македонска” 7.840 м2
17.ул.”Никола Карев” 4.054 м2
18.ул.”Скопска” 9.084 м2

19.ул.”Ангел Трајчев” 1.120 м2
20 ул “11-та Македонска Бригада“ 5,534 м2
21. ул,“Ванчо Ангелов“5,200,м2
22.ул Овчеполска 3800 м2
Во првата приоритетна група на одржување спаѓаат и локалните патишта:
Локалните патни правци: “Свети Николе“ – с. “Немањици“,с. “Ранченци“, с. “Мечкуевци“, с. “Патетино“,с.“Макареш“ “Свети Николе“ – с. “Ерџелија“, с. “Мустафино“,с.“ Буриловци“, с. “Арбасанци“, “Свети Николе“ – с. “Амзабегово“, с. “Делисинци“,с. “Богословец“, с. “Пеширово“, “Црнилиште“, “Свети Николе“ – с“.Ѓуѓанци“, с. “Орел“, “Свети Николе“ – с. “Кнежје“, “Свети Николе“ – с. “Стањевци“, “Свети Николе“- с“.Горобинци“ с.“ Сопот“, с.“ Преод“, с. “Алакинци“, с. “Малино“, с. “Крушица“, “ – с. “Трстеник“, односно сите локални патни правци во општината

**Приоритет 2**.
Во вториот приоритет на улици за зимско одржување спаѓаат улиците со послаб интензитет на сообраќај,тие ги поврзуваат улиците од првиот приоритет или даваат можност за побрз влез и излез на сообраќајот од пооделни реони во градот,а тоа се улиците:
1.ул.” Улоф Палме” 1.450 м2
2.ул.”8-ми Септември” 5.437 м2
3.ул.”29-ти Ноември” 5.760 м2
4.ул.”Борис Трајковски” 7.463 м2
5.ул.”Даме Груев” 1.65о м2
6.ул.”Глигор Прличев” 2.264 м2
8.ул.”Браќа Миладинови” 3.840 м2
9. ул.“ Михајло Апостолски“
10. ул.“Гаврило Гаврилски“ 1978,71м2
11. ул. “3“ 686,22м2
12. ул.„4“ 725,70м2
13.ул.”Првомајска” 1.451 м2
14.ул.”Пролетерска” 1.663 м2
15.ул.”Рахилка Гонева” 2.038 м2
16.ул.”Цветан Димов” 2.211 м2
17.ул.”Јанко Глигоров” 2.987 м2
18.ул.”Пиринска” 1.797 м2
19.ул.”11-ти Октомври” 3.606 м2
20.ул.”Кузман Капидан” 1900 м2
21.ул. “Солунска” 6200 м2 18.
22. ул.”9-ти Мај” 3000 м2
23.ул.”Нада Ицева”
24.ул.”Александар Серафимов”
25.ул.”Димитар Влахов“
26. ул.„Војдан Чернодрински“
27.ул.„Миле Поп Јорданов“ 1.
28.ул.„Киро Глигоров“
29.ул.„Рајко Жинзифов“ 1.
30.ул. „Блаже Конески“

Во овој приоритет спаѓаат сите останати улици во градот по кои се одвива послаб сообраќај и претставуваат кракови на улици од претхдниот приоритет или пак сеуште не се асфалтирани или отворени па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивање на сообраќајот во зимски услови.
Со расчистување на улиците од првиот и вториот приоритет,сообраќајот во градот може несметано да се одвива во сите правци и реони во градот, како и во останатите населени места во Општина Свети Николе.

Динамика и нивно одржување
Оспособувањето на коловозите се врши во зависност од временските услови и тоа:
-состојбата на присуство на голомразица и оформена снежна покривка до 20 см. (прва состојба на готовност);

-состојба на голомразица и снежни врнежи над 20 см. (втора состојба на готовност).

Оспособувањето, (расчистувањето) на коловозните површини во првата состојба на готовност го врши ЈП “Комуналец”, а во втората состојба на готовност ЈП “Комуналец” со дополнителна градежна оператива согласно со договорените обврски.
Во првата состојба на готовност ЈП “Комуналец” со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства , врши оспособување на коловозните површини за сообраќај и тоа првенствено на сообраќајниците од првата приоритетна листа. Градежната оператива го расчистува делот од околните патишта до населените места од општина Свети Николе.
Согласно член 22 од Законот за јавна чистота сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови за 6 (шест) часа, сметано од моментот на почнување на снежните врнежи до оформувањето на снежната покривка. При тоа, главните сообраќајници ќе бидат оспособени приоритетно.

Во зимски услови при снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.
Во втората состојба на готовност ЈП “ Комуналец” заеднио со градежните оператива врши оспособување на коловозните површини од првата приоритетна група,а потоа продолжува со втората приоритетна група и тоа прво ќе се расчистат сообраќајниците од првата приоритетна група до населените места, а потоа ќе се продолжи со улиците од втората приоритетна листа.
Механизација, опрема, материјали и работна сила: ЈП “Комуналец” Свети Николе
1. Прва состојба на готовност:
-Скип со нож за чистење на снег 2 бр.
-Трактор со распрскувач на сол 1 бр.
-трактор со приколка 1 бр.
-Трактор со нож са снег 1 бр.
-Работна рака 20раб.
1.Возачи 5
2.Работници за опслужување… 7
Втора состојба на готовност:
А) Механизација и оператива од:
ЈП “ Комуналец” Свети Николе

-Скип со нож за чистење на снег … 2 број
-Трактор со распрскувач на сол 3 број
-Теге 1 број
-Трактор со приколка 3 број
-трактор со нож за снег………………1 број
-додатна механизација ( грејдери, скипви . трактори со распрскувачи на --сол, утоваречи, камиони и друга потребна опрема од градежните фирми по потреба
За одржувањето на транзитните улици во градот кои ги поврзуваат регионалните патишта, во расчистувањето на снегот ќе учствува “Македонија пат” РЕ – Штип со нивна механизација, опрема и работна рака, во зависност од приоритетот на потребите.
Работна рака:
Работната рака ангажирана од ЈП “ Комуналец” Свети Николе:
-раководител 1 работник
-раководител на смена 1 работник
-работници за припрема на сол 3 работника
-Возачи 4 работника
-работници за опслужување… 7. работника

Работната рака за механизација на градежните и други фирми ја обезбедуваат ангажираните фирми.
Локации за депонирање на снег:

-За градот Свети Николе – коритата на “ Светиниколска река и река “Периш” и тоа:
- Покрај мостот кај Детска градинка “ Рахилка Гонева”, на излезот од градот;

- Покрај мостот на река "Periш" кај "Југосуровина" – Свети Николе.
За другите населени места:
Времени депонии и други пригодни локации определени во соработка со месната самоуправа, во и покрај населените места.

**Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на зимската служба**

Финансирањето на активностите прдвидени со оваа Програма ќе се вршат од средствата предвидени во Буџетот на општина Свети Николе.

За реализација на оваа Програма потребно е да се обезбедат 1.500.000 денари.
-за набавка на индустриска сол пакувана во вреки .
-средства за набавка на ризла
и зимско одржување на локални патишта и улици

**Извршување на Програмата и надзор**

Активностите за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови ги реализира ЈП "Комуналец" Свети Николе и градежните оператива врз основа на Оперативен план изготвен од Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштитан а животната средина – Одделение за комунални работи при Општина Свети Николе со Дирекцијата за заштита и спасување.
За одржување на локалните патишта во зимски услови ако има потреба, Општината склучува договори со градежната оператива оспособена за одржување на локални патишта и улици.
Надзор врз извршувањето на оваа Програма врши Одделението за комуналии и Инспекциските органи при Општина Свети Николе.Оваа програма влегува во сила по објавување во "Службен гласник на Општина СветиНиколе"

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе"

**Бр.0801 - 153** **Совет на Општина Свети Николе**
**12.02.2026година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24,„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програма за контрола, заштита и благосостојба на животни – третман на бездомни животни, односно нерегистрирани и регистрирани, затекнати на јавни површини на територијата на општина Свети Николе за 2025 година бр. 0801 – 154 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 163/9** **Општина Свети Николе**
**12.02. 2026 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 28,став 3 од законот за заштита и благосостојба на животните(„Службен весник на РМ бр.149/14,149,15 и 53/16), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за контрола,заштита и благосостојба на животни–третман на бездомни животни,односно нерегистрирани и регистрирани,затекнати на јавни површини на територијата на Општина Свети Николе-2026 година**

## 1.ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите и третирањето на бездомните животни,односно неригистрирани и регистрирани животни затекнати на јавни површини без присуство на сопственик,условите ,организацијата и обемот на извршување,како и начинот на финансирање.

За решавања на проблемот поврзан со зголемено присуство на бездомни животни (кучиња) односно за контрола на нивниот број,од страна на Светската здравствена организацијаза заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Македонија,единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граганите на општината.

Согласно Законот за заштита и благосостојба на животните,општините се надлежни да вршат собирање на бездомни животни,односно нерегистрирани животни и регистрирани животни доколку ги затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти-прифаталишта.

## 2.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на програматае определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни животни,како и третман согласно прописите од област на ветеринарното здравство и благосостојба на животните.

## 3.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

**Градоначалник на Општина Свети Николе**

тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911

e-mail: info@svetinikole.gov.mk

www.svetinikole.gov.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА ЧЕТВРТ КВАРТАЛ ЗА 2025 ГОДИНА

**31.12.2025 год.**

Општина Свети Николе во текот на четвртиот квартал од **01.01.2025 до 31.12.2025 година** има реализација на приходите на Буџетот на Општина Свети Николе во вкупен износ од **542.167.850,00 денари** или изразено во процент изнесува **92,64%,** споредено план со реализација.

Основниот буџет на Општина Свети Николе за четвртиот квартал има реализација на приходите од **247.683.260,00** денари или изразено во проценти изнесува **91,3%**. Со анализата која е направена во одделението за буџет и буџетска координација констатирано е дека општината континуирано врши исплата на обврските кон комитентите и се обидува да оствари максимално прибирање на приходите со што би се овозможило поголема финансиска сигурност. Според вкупните приходи општинскиот основен буџет има реализација во приходниот дел во вкупен износ од **259.445.519,00** денари со пренесениот вишок на приходи од предходни години, а од истите реализација на расходите во вкупен износ од **194.612.724,00 ,** и салдото на **31.12.2025 година** е во износ од **64.832.795,00** денари .

Од севкупните расходи на ставките 401,402 и 404 кои се однесуваат за исплата на плата, надоместоци и придонеси има потрошено **61.155.793,00,** а остатокот на средства се за исплата на обврските кои општината ги сервисира се воведува максимална финансиска контрола и дисциплина во делот на исплатата на основниот буџет.

Ако се направи анализа на средствата како се реализирани и потрошени како реализација/план за овој четврт квартал од 2025 се добива следната слика на реализација на трошоци во основниот буџет:

- За плати и надоместоци на вработените во локалната самоуправа се потрошени **31,42%** од вкупните расходи, а соодносот реализација/план е **97%**
- Трошоци од постојана резерва потрошени се **200.000,00** денари или **50%** од предвидените- донација по одлука на совет за семејствата на жртвите во пожарот во дискотеката во Кочани.
- За непредвидени трошоци од тековната резерва потрошени се **946.384,00** денари и овој износ во вкупните трошоци влегува со **0,49%** или споредено план/реализација **83%.**

**Во овие трошоци влегуваат:**

1. **Исплатите по одлуки донесени од советот на општината по барања на лица за лекување,**
2. **Исплата на ваучер по повод празникот Богојавление за лицето кое го фаќа крстот.**
3. **Исплати за набавка на парфеми за вработените по повод „8-ми Март“ и за делегациите од КУД и збратимени општини присутни на „Тодорица 2025“**

4. **Исплати за набавки на парфеми за вработените на трета смена за Нова Година на територијата на Општина Свети Николе**

5. **Набавка на еличиња за млади волонтери по барање на Црвен крст**

6. **Набавка на пригоден подарок за пензионирање на вработен**

- За патување во земјата патни трошоци, споредни трошоци и патарини како и трошоци направени во државата во кој спаѓаат и сместувањата има направено трошок кој изразен во процент изнесува **0,12%** од вкупните трошоци или во денари изразено изнесува **241.929,00** денари, а соодносот реализација/план е **24,43%**

  **Во овие трошоци влегуваат:**

1. **Исплатите по патните сметки за патарини и дневници на вработени за службени патувања**.

- За комунални услуги во кој спаѓаат(електрична енергија, огрев, телефон и телефакс, регистрација на моторни возила, гориво и масла, пошта ) исплатени се **78,6%** од планираните трошоци или во денари изразено изнесува **11.836.788,00** денари, а во однос на вкупните трошоци е **6,08%.**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **421** | **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ,ГРЕЕЊЕ,КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | **11.836.788** |
| 421110 | Електрична енергија | 6.344.257 |
| 421120 | Водовод и канализација | 1.303.413 |
| 421190 | Други комунални такси | 67.500 |
| 421240 | Течни горива | 1.200.000 |
| 421310 | Пошта | 874.495 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 747.184 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 13.800 |
| 421410 | Горива и масла | 602.699 |
| 421420 | Регистација на моторни возила | 61.390 |
| 421430 | Транспорт на стоки | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе-**исплати за јавниот превоз** | 622.050 |

- За материјали и ситен инвентар во кој спаѓа и одржувањето на уличното осветлување, како и сите поправки кои се направени во општинската зграда, во овој дел спаѓа и набавката на материјали за посебни намени, самиот износ за овие трошоци изнесува **5.809.182** или **70,39%** од планираните трошоци**,** во однос на вкупните трошоци реализирано е **3 %**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **423** | **МАТЕРИЈАЛИ И АЛАТИ** | **5.809.182** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 327.935 |
| 423120 | Списанија,весници и др.изданија | 77.835 |
| 423320 | Обувки | 0 |
| 423410 | Прехрамбени продукти и пијалоци(**Во овие трошоци влегуваат набавени производи за потребите на градоначалникот,оброк за деца со посебни потреби и нивни придружница во детско одмаралиште во Дојран,исплата за ручек на полициски синдикат по повод меморијален турнир Александар Серафимов во износ од 50.000,по договор за набавка на социјални паќети во износ од 454.982,00 и набавка на паќетчиња за децата цо училиштата и градинките на подрачието на територија на Општина Свети Николе во износ од 485.040,00 денари )** | 1.263.898 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 97.600 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 425 |
| 423810 | Ситен инвентар | 75.739 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена(**Во овие трошоци влегуваат исплатите за уличното** | 3.871.940 |

| | | |
|---|---|---|
| | **јавно одржување од страна на ЈКП Комуналец во износ од 1.491.747 денари ,**<br><br>**-набавка на песок покрај пешачка патека во Градски парк износ од 69.000 денари.**<br><br>**-набавка на магнети од ОУ Народен музеј за гости на Тодорица 2025 износ од 4.060 денари**<br><br>**-набавка на дендроматеријали и саден материјал износ од 455.370 денари**<br><br>**-набавка на вертикалална и хоризонтална сигнализација)износ од 999.875 денари.**<br><br>**-резервни делови за компјутерска технологија 65.231**<br><br>**-набавка на знамиња 11.682 денари**<br><br>**-набавка на синтелон за велигденско јајце 9.120 денари**<br><br>**-Искористени средства од Дом на Култура Крсте П. Мисирков износ од 40.000 денари.**<br><br>**-набавка на водна пумпа за возило на ТППЕ во износ од 299.130**<br><br>**-набавка и монтажа на новогодишни украси во износ од 394.000** | |
| 423990 | Други материјали | 93.810 |

За поправки и одржување на моторни возила,поправка и замена на резервни делови гуми и други делови кои се потребни за возниот парк на општината како и за одржување на зелени површини се потрошени средства во износ од **7.801.540** денари или во проценти **84%** од планираното, во однос на вкупните трошоци реализирано е **4%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **424** | **ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | **7.801.540** |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила | 146.571 |
| 424120 | Поправки и сервисирање на товарни возила | 151.223 |
| 424210 | Одржување на згради | 125.566 |
| 424230 | Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 522.101 |
| 424320 | Одржување на автопати,улици и патишта(**зимско одржување**) | 1.200.000 |
| 424390 | Одржување на други градби(**стругање,глетување и фарбање на столбови на градски плоштад)** | 276.210 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема(**одржување на системот во даночно)** | 639.791 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 35.772 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради(**Во овие трошоци влегуваат исплатите по договор со ЈКП Комуналец за одржување на зелени површини околу згради)** | 2.333.798 |
| 424590 | Одржување на др.зелени пвршини(**Во овие трошоци влегуваат исплатите по договор со ЈКП Комуналец за одржување** | 2.370.508 |

| | | |
|---|---|---|
| | **на други зелени површини)** | |

- За други договорни услуги ангажирање на лица кои имаат извршено определени услуги кон општината, надомест за експропријација , исплата на проекти за урбанистички и просторни планови, примарна заштита, услуги за копирање и печатење има реализирано **4.821.314,00** денари или **2,5%** од вкупните расходи, а реализирано во однос на планирано е **33%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **425** | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | **4.821.314** |
| 425220 | Банкарска провизија | 4.600 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 193.191 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 55.606 |
| 425290 | Други финансиски услуги(**плаќање за завршни сметки до Централен регистер)** | 152.455 |
| 425310 | Правни услуги | 151.834 |
| 425320 | Судски вештачења | 0 |
| 425360 | Плаќање на судска такса | 10.514 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 0 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 0 |
| 425530 | Уништување на штетни животни | 461.849 |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 162.364 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието (превоз на ученици во СОУ Кочо Рацин) | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање,печатење и издавање | 466.402 |
| 425930 | Научно истражување-**( геомеханички елаборат за соблекувална на градски стадион)** | 118.968 |
| 425970 | Консултански услуги –(елаборати за животна средина и проценки од овластен проценител за потребите на Општина Свети Николе за давање на деловни простории под закуп) | 322.176 |

| | | |
|---|---|---|
| 425980 | Надзор над одржување на градби | 126.813 |
| 425990 | Други договорни услуги(**исплати на лица кои имаат извршено повремени работи за потребите на општината, исплата на лица по проект за општокорисна работа 2.294.189 денари.**<br><br>**-палијативна служба износ од 65.425 денари со вклучен персонален данок по основ на истите исплати).**<br><br>**Договор за дело за лице за одржување на информатичката технологија во Општината,за ангажирање на архитект, за лице кои ги водеше јавните набавки за Општина Свети Николе ,искористени средства од Дом на Култура 74.284ден. ,Народен музеј износ од 88.331 денари .** | 2.594.542 |

- За расходите кои се однесуваат на репрезентација, посета на семинари и конференции, објава на огласи, членарина во домашни и странски заедници има реализирано средства во износ од **4.006.913,00** денари или **87%** од планираните средства **,** а во однос на вкупните расходи **2,06%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **426** | **ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **4.006.913** |
| 426120 | Членарини во домашни организации(**трошоци за основање по одлука на Стационар –Шепа во износ од 662.590, а остатокот од средствата се за членарина во Вардарско плански регион)** | 821.237 |
| 426210 | Расходи за репрезентација(новогодишен коктел за вработени,гости од збратимени општини,делегација од Собрание на РСМ, гости по повод празникот„Тодорова сабота“,„Ликовна колонија“ ) | 543.765 |
| 426310 | Семинари и конференции | 212.614 |

| | | |
|---|---|---|
| 426410 | Објавување на огласи | 797.200 |
| 426990 | Други оперативни расходи(**од оваа ставка исплатени се средства за аудио и визуелни услуги, исплата за претплата на ЈП Службен весник,плаќање ,Агенција за катастар,набавка на чадори,поправка и полнење на ПП апарати)** | 1.632.097 |

- На ставката 427 која се однесува за привремени вработувања за лицата вработени по договор со Агенција за привремени вработувања потрошени се **895.031,00** или во однос со вкупните расходи **0,46%.**

- На ставката за каматни плаќања кон домашни кредитори исплатени се **1.975.201,00** денари или во однос на планираните **83%,** а споредено со вкупните расходи од овој квартал изнесува **1%**

- На ставката 461 Субвенции за јавни претпријатија во овој квартал исплате ни се **2.000.000,00** денари или **1,02%** во однос на вкупните расходи.

- На ставките кои се однесуваат за исплатата на невладини организации, здруженија на граѓани како и трансферите до спортски клубови и организации од невладин сектор има остварување во овој четврт квартал од годината во износ од **4.900.000,00** денари или изразено во проценти споредено со планираните расходи изнесува **99,59 %**, а во однос на вкупните расходи е **2,52%.**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **463** | **ТРАНСФЕРИ ДО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ** | **4.900.000** |
| 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фонации-НВО | 1.430.000 |
| 463120 | Трансфери до спортски клубови | 3.470.000 |

- За разни трансфери има исплатено **15.186.479,00** денари и процентот на реализација во однос планирано-реализирано изнесува **97,63 %,** а во однос на вкупните расходи е **7,8%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **464** | **РАЗНИ ТРАНСФЕРИ** | **15.186.479** |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 45.288 |
| 464940 | Трансфери за пензионирање | 262.624 |
| 464990 | Други трансфери(**во овие исплати влегуваат исплата за авторски права на авторска агенција за организирани културни манифестации по повод Тодорица 2025 година 139.946 , Спонзорство за Новогодишна лотарија на м.з.Црнилииште и Горобинци,исплата за смртен случај на вработени(татко),исплата по решение за награди по повод „Свети Никола“,доплата за јубилејни награди,исплата по решенија за месни заедници,исплати на награди по решение за турнир во мал фудбал,трансфер за проект подобрување на соц.услуги ЦРВЕН КРСТ,плаќање по договори за настап на Бела Ноќ за Куку Леле,Гуру Харе и Бени Нон стоп,по договор за бина.,осветлување и озвучување,исплата по решение за првоодеденчиња во износ од 285.000,00 денари,исплата за средношколци во износ од 504.000,00денари,трансфер на средства за менаџирање на проект за набавка на коминиран Багер во износ од 445.500,00 денари,трансфер на средства за надомест за членови на избирачките одбори и ОИК за локалните избори 2025 година во износ од** | 14.878.567 |

| | | |
|---|---|---|
| | **4.627.955,00,трансфер на средства на сметка за проект Лабораторија на отпорност 2.310.000, трансфер на средства за проект Подобрување на условите за урбана мобилност во износ од 3.600.000,00 денари,исплата на награди на ученици и ментори во износ од 639.643,00 и исплата на јубилејни награди 297.840,00 денари)** | |

- Исплата по извршни исправи се однесува за исплата по судски решенија и износот изнесува **124.317** денари или **0,06%** од вкупните расходи или реализација план **23%**

- Социјалните бенифиции кои се однесуваат на еднократна парична помош, награда за новороденчиња и исплата на самохрани родители изнесува **1.249.703** денари или **0,6%** од вкупните расходи или споредбено план реализација **62,8%**
- За отплата на главнина до нерезидентни кредитори има исплатено износ од **9.541.606** денари или **100%** од планираните расходи
- Купување на опрема и машини има исплата од **1.345.010,00** денари или **67,56%** од планираните средства на ова конто
- Од контото **482-** изградба и реконструкција на патишта улици и автопати има реализација во износ од **60.172.034,00** или процентуално изнесува **31%** во однос на вкупните расходи додека споредбено план реализација е **55,77%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **482** | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | **60.172.034** |
| 482120 | Изградба на улици,патишта и автопати | 5.648.204 |
| 482130 | Реконструкција на ул.патишта и автопати( | 39.236.620 |
| 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување | 600.540 |
| 482730 | Реконструкција на капацитети за водоснабдување | 1.152.669 |

| | | |
|---|---|---|
| 482910 | Подготвување проекти,вкluч,дизајн на др.објекти | 4.854.087 |
| 482920 | Изградба на др.објекти(**изградба на пешачка патека во градски парк покрај Светиниколска река,асфалтирање и реконструкција на спортско игралиште кај земјоделска,набавка на реквизити за детско игралиште во Поглед и ШАХ,)** | 5.329.406 |
| 482930 | Реконструкција на др.објекти(**набавка и вградување на автоматска фина дробилка за ситнење на цврст санитиран отпад позади Здравен дом; изградба,санација и реконструкција на тротоари :вградување на канализациони поливалентни шахти во Мало стопанство)** | 3.350.508 |
| 482940 | Надзор за изградба | 0 |
| | | |

Во овој дел од образложението го имаме извршувањето на основниот Буџет на општина Свети Николе за четвртиот квартал за 2025 година.

Во делот за наменските дотации мора да се каже дека се реализирани во износ од **268.980.891,00** денари или изразено во проценти **99,53%** споредбено план-реализација. Динамиката на реализација е во очекувани рамки. Мораме да напоменеме дека и оваа година средствата во областа на културата не се доволни за сервисирање на оперативните трошоци и истите се покривани од Буџетот на Општина Свети Николе . Останатите буџетски корисници во областа на социјална заштита и образование ги сервисираа своите обврски кон доверителите.Сите буџетските корисници работат економично и рентабилно се со цел да не се создаваат непотреби трошоци. Ефикасноста , ефективноста и економичноста кај сите буџетски корисници е на високо ниво.

Во делот за самофинансирачките активности имаме реализација во износ од **12.138.137,00 денари** процентот споредбено планирано –остварено изнесува **62,2** %. Динамиката на активностите кои се спроведуваат во делот на самофинансирачките активности се на задоволувачко ниво и се на очекуваното ниво на реализација споредено со претходната година .

1. **Номинален и сликовит приказ на предвидените расходи на Општина Свети Николе за 2025 и реализираните заклучно со 31.12.2025 година**

**1.1 Преглед на предвидени со реализирани расходи по намени**

| **Планирани расходи по видови** | **планирани расходи за 2025** | **реализирани расходи 2025** | **план/реализација 2025 год** |
|---|---|---|---|
| Плати,наемнини и надоместоци | **306.440.681** | 303.768.330 | 99,13 |
| Резерви и недефинирани расходи | **1.540.000** | 1.146.384 | 74,44 |
| Стоки и услуги | **112.010.165** | 77.676.250 | 69,35 |
| Субвенции и Трансфери | **33.379.002** | 24.665.901 | 73,90 |
| Каматни плаќања | **2.380.000** | 1.975.201 | 82,99 |
| Отплата на главница | **9.550.000** | 9.541.606 | 99,91 |
| Социјални бенифиции | **1.990.000** | 1.249.703 | 62,80 |
| Капитални расходи | **117.944.452** | 62.835.184 | 53,28 |
| **Вкупно планирани расходи** | **585.234.300** | **482.858.559** | 82,51 |



1.2. **Сликовит приказ на предвидени расходи соодветно по зафатнината која ја имаат во Буџетот за 2025 година**



## 1.3. Сликовит приказ на планирани расходи по предвидени намени во основниот Буџетот на Општина Свети Николе за 2025



## 1.4. Сликовит приказ на реализирани расходи по предвидени намени во основниот Буџетот на Општина Свети Николе за 2025 заклучно со 31.12.2025



2. **Номинален и сликовит приказ на предвидените приходи на Општина Свети Николе за 2025 и реализација заклучно со 31.12.2025 година**

| Планиран приходи по видови | предвидени приходи 2025 | реализирани приходи 2025 | план/реализација со 31.12.2025 |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 51.514.241 | 73.217.345 | 142 |
| Неданочни приходи | 19.940.000 | 20.916.242 | 105 |
| Капитални приходи | 137.115.928 | 99.296.788 | 72 |
| Трансфери | 62.721.848 | 54.252.885 | 86 |
| Наменски дотации (блок) | 270.256.444 | 268.980.891 | 100 |
| Приходи од самофинан.активности | 19.514.997 | 12.138.137 | 62 |
| Донации | 24.170.842 | 13.365.562 | 55 |
| Вкупно планирани приходи | 585.234.300 | 542.167.850 | 93 |

**2.1 Преглед на предвидени со реализирани приходи по намени**




**2.2. Сликовит приказ на предвидени приходи соодветно по зафатнината која ја имаат реализацијата наспроти план за Буџетот за 2025година**



**2.3. Сликовит приказ на вкупен предвиден Буџет за 2025 година по приходни конта**




**2.4. Сликовит приказ на реализиран вкупен Буџет за 2025 година по приходни конта**






Според погоре прикажаниот графикон може да се констатира дека Општина Свети Николе по соодветните програми се обидува максимално да ја извршува функцијата за соодветните политики во сите области кои ги има зацртано и предвидено за 2025година.

**Табеларен приказ на предвидени со реализирани приходи во Основниот Буџет во четвртиот квартал за 2025**

| конто | Опис на приход | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|---|
| **711** | **Данок од доход, добивка и капитални добивки** | **5.814.241** | **10.009.856** |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисници и единки корисници на средства ид буџет на РМ | 1.404.241 | 2.315.481 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва,јавни претпријатија,кај трговци | 3.900.000 | 7.245.562 |
| 711114 | Данок од плати кои физичко лице ги остварува од странство | 0 | 0 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиски дејности | 10.000 | 1.734 |
| 711139 | Данок на доход на приходи од занаетчиски дејности според паушално утврден | 500.000 | 447.079 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | нето приход | | |
| | | | |
| **713** | **Даноци на имот** | **17.600.000** | **23.932.777** |
| 713111 | Данок на имот од физички лица | 5.000.000 | 7.205.749 |
| 713113 | Данок на имот од правни лица | 2.800.000 | 3.165.398 |
| 713211 | Данок на наследство и подарок | 800.000 | 1.174.651 |
| 713311 | Данок на промет на недвижности | 9.000.000 | 12.386.979 |
| **717** | **Даноци на специфични услуги** | **27.900.000** | **39.151.881** |
| 717111 | Комунална такса за привремен престој | 10.000 | 6.112 |
| 717112 | Комунална такса за истакнување на фирми | 2.500.000 | 2.438.615 |
| 717115 | Комунална такса за користење на улици со патнички,товарни,моторни возила,автобуси,што се плаќа при регистација на возилата | 1.300.000 | 1.746.286 |
| 717116 | Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување | 15.000.000 | 17.786.148 |
| 717129 | Други комунални такси | 0 | |
| 717131 | Комунални такси за користење на простор пред деолвни простории за вршење на дејности | 800.000 | 1.147.443 |
| 717132 | Комунална такса за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни површини | 10.000 | 3.000 |
| 717134 | Комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории | 0 | 0 |
| 717135 | Комунална такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и др.населени места | 50.000 | 0 |
| 717136 | Комунална такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила | 30.000 | 7.690 |
| 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 7.900.000 | 15.747.983 |
| 717138 | Надомест од комунални дејности | 300.000 | 268.604 |
| **718** | **Такси за користење или вршење на дејност** | **200.000** | **122.831** |
| 718117 | Надомест за добивање на лиценза за угостителска дејност во ноќен бар,кабаре,дикоклуб на | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | отворен простор | | |
| 718127 | Надомест кој го плаќаат операторите на инсталациите со б-инегрирана еколошка дозвола на општината | 200.000 | 122.831 |
| 718134 | Надомест за управување со отпад на општината | 0 | |
| 718140 | Надомест за одржување на јавна чистота | 0 | |
| **722** | **Такси и надоместоци** | **640.000** | **843.014** |
| 722150 | Глоба за сторени прекршоци од обласа во надлежност на овластените градежни инспектори кои се приход на елс | 40.000 | 42.929 |
| 722315 | Администативни такси кои се плаќаат за списите и дејсвијата кај органите на општината | 600.000 | 800.085 |
| 722316 | Други локални такси | | |
| **723** | **Административни такси и надоместоци** | **800.000** | **1.068.417** |
| 723116 | Надомест за оброци во ученички и студентски домови,училишта,градинки | | 0 |
| 723914 | Приходи од закупнина на општински имот | 800.000 | 1.068.417 |
| **724** | **Други владини услуги** | **0** | **0** |
| 724125 | Приходи од тендери | 0 | 0 |
| **725** | **Други неданочни приходи** | **18.500.000** | **19.004.811** |
| 725939 | Останати неданочни приходи | 18.000.000 | 18.367.061 |
| 725943 | 2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила(каско) | 500.000 | 637.750 |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **146.104.776** | **104.962.542** |
| 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 3.293.294 | 6.586.588 |
| 741114 | Пренесен вишок на приходи од предходна година | 11.762.259 | 11.762.259 |
| 741115 | Донации на општината, од Приходи од ддв | 47.666.295 | 47.666.297 |
| 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 83.382.928 | 38.947.398 |
| **733** | **Продажба на земјиште и нематријално вложување** | **53.733.000** | **60.349.390** |
| 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РМ | 33.453.000 | 35.527.343 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 733115 | Приходи од закуп на земјоделсчко земјиште во сопственост на државата | 20.000.000 | 24.499.014 |
| 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини | 0 | |
| 733120 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини | 0 | |
| 733131 | Приходи од надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште | 80.000 | 59.844 |
| 733132 | Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување на закуп на градежно земјиште сопственост на РМ | 0 | 0 |
| 733144 | Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 200.000 | 263.189 |
| | **Вкупно приходи БУЏЕТ 2025** | **271.292.017** | **259.445.519** |

Во делот на реализација на приходите има разлика кај конто **741** помеѓу табеларниот приказ и реалниот приказ во К1 извештајот за износ од 11.762.259 денари.Разликата се јавува од причина што во К1 табеларниот приказ искажуваме само реално приходи кои се убрани до 31.12.2025 година додека во извештајот го искажуваме колку е пренесениот вишок од минатата година, а тоа е износ од 11.762.259 денари . Ова покажува дека Општина Свети Николе во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година сите обврски ги подмирила од приходите собрани во текот на овој период  и немала потреба да користи од  пренесениот вишок 148.386.472+99.296.788=247.683.260(приходот искажан во образец К1) .

**Совет на  Општина Свети Николе**
**Претседател**

**Бр. 0801-160**
**12.02.2026**

___________________________

**Свети Николе**

**Оливера Арсов** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе на основни средства и ситен инвентар, попис во Детско одмаралиште Стар Дојран и попис на побарувањата и обврски, парични средства и хартии од вредност со состојба на 31.12. 2025 година бр. 0801 – 161 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 163/16**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ„ бр 5/2002 и „Службен весник на РСМ„ бр 202/24), Советот на Општина Свети Николе на Седница одржана на ден 12.02. 2026 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе на основни средства и ситен инвентар, попис во Детско одмаралиште Стар Дојран и попис на побарувањата и обврски, парични средства и хартии од вредност со состојба на 31.12. 2025 година**

1.Се усвојува Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе на основни средства и ситен инвентар, попис во Детско одмаралиште Стар Дојран и попис на побарувањата и обврски, парични средства и хартии од вредност со состојба на 31.12. 2025 година

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801-161**
**12.02.2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за исплата на парична помош бр. 0801 – 162 што Советот на Општина Свети Николе јс донесе на седницата одржана на ден 12.02. 2026 година.

**Бр. 0901- 163/17**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24),Советот на Општина Свети Николена седницата одржана на ден 12.02. 2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична помош**

**Член 1**

Од Буџетот на Општина Свети Николе ,Програма А0413110 (тековна резерва) да се исплати парична помош во износ од **10.000,00 денари**.

**Член 2**

Паричната помош за понатамошно терапија лекување да се исплати на **Емилија Зафировска** од Свети Николесо адреса на живеење ул.Никола Карев бр. 14 за лекување.

**Член 3**

Барањето со приложената документација е составен дел на оваа одлука.
Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Свети Николе ”.

**Бр. 0801 - 162**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

**СОДРЖИНА**

1.Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за 2026 година;

2.Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за 2026 година;

3.Одлука за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година;

4.Одлука за усвојување на Наративен и финансиски Извештај на ОУ Народен Музеј – Свети Николе за 2025 година;

5.Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2026 година;

6.Одлука за отпочнување на активностите за ажурирање на процената на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности;

7.Одлука за утврдување вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните административни службенициво ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе;

8.Програма за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Свети Николе за 2026-2027 година во зимски услови;

9.Програма за контрола, заштита и благосостојба на животни – третман на бездомни животни, односно нерегистрирани и регистрирани, затекнати на јавни површини на територијата на општина Свети Николе за 2025 година;

10. План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Свети Николе за 2026 година;

11.Заклучок за усвојување на Општински Енергетски план за 2026 година;

**12.** Квартален Извештај за извршување на буџетот на општина Свети Николе за извештајниот период (кумулативно) за четврти квартал во период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година;

**13.**Квартален Извештај за доспеани ненамирени обврски – збирен за четврти квартал на општина Свети Николе за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година;

**14.**Квартален Извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините;

15.Извештај за реализација на општина Свети Николе за четврт квартал за 2025 година;

16.Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе на основни средства и ситен инвентар, попис во Детско одмаралиште Стар Дојран и попис на побарувањата и обврски, парични средства и хартии од вредност со состојба на 31.12. 2025 година;

**17.** Одлука за финансиска помош на лицето Е.З.

**Бр. 0801 - 164**
**12.02. 2026 година**
**Свети Николе**

